**20160631810**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита на природата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 март 2016 година.

Бр.08-1938/1
29 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

Член 1

Во Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15 и 39/16), во членот 23 став (4) бројот „10” се заменува со бројот „9”.

Член 2

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија“ број 39/16), во членот 31 запирката се заменува со точка, а зборовите: „а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” број 124/15)”, се бришат.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.